# С О О П Ш Т Е Н И Е

Врз основа на Член 82 од Законот за лолална самоуправа, член 106-став 1 од Статутот на општина Охрид, Одлуката на Советот на општина Охрид за определување граници на урбаните заедници на територија на општина Охрид и Правилата за работа на облиците на месна самоуправа на општина Охрид, Советот на УЗ1 Стар Град донесе Одлука за распишување избори за членови на совет на урбаната заедница 1 Стар Град, Советот на урбаната заедница 1 Стар Град свикува **СОБИР НА ГРАЃАНИ.**

. На Собирите ќе се врши избор на членови на Совет на урбана заедница 1 Стар Град.

**На ден 12.02.2019 година, со почеток во 19 часот се свикува Собир на граѓани за Урбана Заедница – 1 Стар Град. Собирот ќе се одржи во зградата на општина Охрид сала 1**

**Урбана заедница- 1 Стар Град** го завзема средишниот дел од крајбрежиеto и се граничи со: од Исток со булевар "Македонски Просветители", од Север со булевар "Туристичка", од запад ул."Пирин Планина", "Кирил и Методи", собирната улица "С-9" и реката "Грашница" и од Југ "Охридското Езеро".

**УЛИЦИ: ул.**"Свети Климент Охридски", ул."Коста Абраш", ул."Цар Самоил", ул."Илинденска", ул."Кочо Рацин", ул."Методи Патчев", ул."Браќа Миладиновци", ул."Боро Шаин", ул."Григор Прличев", ул."Христо Узунов", ул."Рашанец", ул."Петар Чаулев", ул."11 Октомври", ул."Охридска Архиепископија", ул."Климент Охридски", ул."Кузман Капидан", ул."Аргир Маринчев", ул."Димче Маленко", ул."Нада Филева", ул."Бранко Шотра", дел од ул."Пирин Планина" , ул."Гоце Делчев"дел пресек со ул."Пирин Планина", дел од ул."Кирил и Методи" , дел од ул. "Андон Дуков" , дел од ул."7 Ноември" од почеток до пресек со булевар "Туристичка", дел од ул."Абас Емин" од почеток до пресек со булевар "Туристичка", ул. булевар "Македонски просветители" лева страна до пресек со булевар "Туристичка", „булевар Туристичка" лева страна од пресек со „булевар Македонски Просветители" до пресек со ул. „Пирин Планина".

**Напомена:** Граѓаните присутни на Собирот со себе да носат важечка лична карта или патна исправа заради доказ за жителство во Урбаната заедница и лична идентификација.

- Врз основа на Статутот на општина Охрид,

**Член 105**

Советот на облиците на месната самоуправа е составен од 3 (три) до 7 (седум) членови.

Мандатот на членовите на советот на месната самоуправа трае

4 (четири) години.

**Член 107**

Предлагање и утврдување кандидати за членови на советот на облиците на месната самоуправа се врши на собир на граѓани, доколку присуствуваат најмалку 3% од граѓаните, **жители** на месната самоуправа, кои имаат право на глас.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број на гласови од присутните граѓани на собирот.

**Член 109**

За избрани членови на советот на облиците на месната самоуправа се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

- Врз основа на Правилата за работа на облиците на месната самоуправа:

**Член 17**

Собирот на граѓани ( во понатамошниот текст: собир) го сочинуваат сите полнолетни граѓани со **живеалиште** на подрачјето на обликот на месната самоуправа.

Собирот се свикува со писмено известување, преку дневниот печат, преку електронски медиуми или на друг погоден начин.

**Член 29**

Предлог за кандидат за член на Советот може да поднесе секој полнолетен присутен член на собирот.

Предлозите за кандидат се даваат поединачно и секој има право да предложи само еден кандидат.

Секој предложен кандидат дава согласност за прифаќање на кандидатурата.

**Член 30**

За утврден кандидат се смета кандидатот кој добил мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот, **жители** на облиците на месната самоуправа.

**Член 31**

На Собирот на граѓаните може да се предложат, односно утврдат најмногу два пати повеќе кандидати од вкупниот број на членови на Советот.

Совет на урбана заедница 1 Стар Град
Претседател,
Горан Патчев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УРБАНА ЗАЕДНИЦА 1
СТАР ГРАД
ОПШТИНА ОХРИД